АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 05.04.2018 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 1829 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски,**
**директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден

2. **Субјект на надзорот:** Трговско Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје

3. **Датум на извршување на надзорот:** 5 април 2018 година

4. **Предмет на надзорот:** Член 22 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување (бр.01-5774/1 од 21.11.2014 година, изменет на 08.05.2015 година), според кој *„Бројот и структурата на вработените лица за телевизија на државно ниво која емитува програма преку сателит и јавна електронска комуникациска мрежа што не користи ограничен ресурс, треба да биде 30 (триесет), од кои 10 (десет) со висока стручна спрема (ВСС) вработени како новинари".*

5. **Претходно изречена мерка: /**

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека Трговското Радиодифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

   **Образложение:** На 27.03.2018 година, Агенцијата со писмен допис (бр.03-1440/1) побара од ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје, во рок од седум дена од денот на приемот на дописот да ѝ достави документи (во оригинал или копии заверени на нотар) од коишто ќе може да се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување. Дописот беше примен од страна на радиодифузерот истиот ден, а рокот за доставување на документите истекуваше на 03.04.2018 година.

   На 02.04.2018 година, ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје достави до Агенцијата по електронски пат Пријави/Одјави во задолжително социјално осигурување – Образец М1/М2 (извод од компјутерски запис) за вкупно 72 лица ангажирани во радиодифузерот. Освен тоа, до Агенцијата беше доставен и документ – Преглед на пријави-одјави во задолжително социјално осигурување за деловен субјект, заклучно со 04.04.2018 година, издаден од Агенцијата за вработување на Република Македонија. Од документот е видно дека во моментот на неговото издавање, работен однос во ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА НОВА ДООЕЛ Скопје имале засновано 72 лица, од кои 13 со ВСС, вработени како новинари.